Б. ПЕТРАНОВИЌ

# СПОГОДБАТА ТИТО-ШУБАШИЌ И ФЕДЕРАТИВНОТО УРЕДУВАЊЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

За време на преговорите и склучувањето на првата спогодба помеѓу НКОЈ и југословенската бегалска влада, позната како спогодба Тито-Шубашиќ, југословенската федерација беше неприкосновениот дел на државно-правната и политичката стварност на нова Југославија. На изнесената констатација од една страна не и противречи фактот дека југословенската федерација не е и докрај изградена, а од друга што силите на контрареволуцијата не се помирија со таквото државно-правно решение на националното прашање.

* *
*

Создадена во Јајце, со уважување и врз основа на претходните процеси на воената и политичката институционализација на власта во југословенските земји, федерацијата продолжува да се изградува и по одлуките на Второто заседание на АВНОЈ. Тековната изградба ја карактеризира, пред сè, конституирањето на државноста на федералните единици со одлуките на највисоките земски органи, тргнувајќи од одлуките на АВНОЈ. Југославија се изградува како сојузна држава а не како државен сојуз. Постоењето на сојузот не ја доведува во прашање самостојноста на федералните единици, но, исто така, не значи дека членките на федерацијата го негираат единството на државата. Се работи за сојузна и демократска држава која почива врз рамноправноста на нејзините народи, исклучувајќи секаква превласт, привилегии или мајоризација, истовремено претставувајќи ја „државната целина", како што вели М. Пијаде.[1])

Кога станува збор за односите во новата сложена држава се среќаваме со два значајни основни факта. Прво, надлежнос-

---

[1]) Слободан Нешовић, Темељи нове Југославије, Београд 1973, 153, 155.

тите на АВНОЈ, на Претседателството на АВНОЈ и на НКОЈ се значителни. По тој повод Ј. Плетерски наведува, според забелешките на М. Брецељ, дека Ј. Б. Тито непосредно по заседанието на АВНОЈ во разговор со словенечките веќници истакнал дека мерките кои сега можат да изгледаат како централистички се нужни за успешна борба и за нејзин победоносен завршеток, нагласувајќи ја особено нивната неопходност поради надворешните причини, бидејќи на сојузниците мора да им се докаже заедничката волја на југословенските народи за ослободување и за истапување како целина, поради политички причини.[2]) Второ, врските помеѓу АВНОЈ и другите антифашистички собранија во пролетта 1944 година се неразвиени, наспроти цврстото и единствено раководење со Народноослободителната борба од страна на југословенското воено и партиско раководство. За неразвиеноста на тие врски зборува оцената на М. Пијаде, дека федерацијата скоро постои само во една принципиелна одлука.[3])

Решавајќи Југославија да се организира врз федеративен принцип, собранието во Јајце ги наведе идните федерални единици. Да додадеме дека во Мркоњиќ град и во Јајце, иако југословенската федерација е градена врз национален принцип, тоест онолку единици колку и нации, ова решение не е применето „круто“, „еднострано“ и „механички“[4]), поради Босна и Херцеговина, како национално сложена земја. Федерацијата е создадена, но конечните облици и изгледот на одделните федерални единици не се изведени докрај, пред сè структурата (проста или сложена) и границите, што пак не значи дека начелната идејна основа за решавање на ова прашање не е дадена порано и во практиката спроведена. Одлуката за изградба на Југославија врз федеративен принцип не спомнува автономија, иако во точ. 4 од оваа Одлука стои дека на националните малцинства ќе им се обезбедат сите национални права, што е речено и на Петтата земска конференција на КПЈ. Раководството на Народноослободителното движење во есента 1943 година прави разлика помеѓу разните видови автономија според мерилото „раштрканост“ или „компактност“ на населението на одредени области. Ј. Б. Тито на 1 октомври 1943 година го предупреди Главниот штаб на Хрватска, односно раководството на Словенија на изјавите на Извршниот одбор на Освободилна фронта и на ЗАВНОХ од 16 и 20 септември 1943 година за присоединувањето на Словенечкото приморје и на Истра кон матичните

---

[2]) Janko Pleterski, Perspektiva federativnog ujedinjenja u novoj Jugoslaviji kao faktor narodnooslobodilačke borbe. Časopis za suvremenu povijest, III/1973, 23.

[3]) Бранко Петрановић, Политичка и економска основа народне власти у Југославији за време обнове. Београд, 1969, 257.

[4]) Тако је рођена нова Југославија, I. Београд 1963. Сећања Р. Чолаковића и др., 118—119, 179.

земји, за давање автономија на италијанското малцинство. Се подвлекува дека ова малцинство не може да ужива територијална автономија, но да може да смета на добивање целосна слобода и рамноправност во Југос.'авија. „Компактноста“ на Албанците на Косово и Метохија, на Унгарците со Романците и со другите народности во Војводина, со населението од југословенско потекло, им дава право на стекнување автономија.[5]) Неколку месеци подоцна, во март 1944 година, маршал Тито пишуваше дека Војводина, како и други области кои на тоа претендираат, ќе добијат најширока автономија, иако нејзиното стекнување и прашање кон која федерална единица ќе се присоедини односната покраина ќе зависи од народот и од неговите претставници по војната, кога ќе се решава за конечното уредување на државата. При расправата за „Декларацијата за основните права на нациите и на граѓаните на ДФЈ “(Декларацијата за народната власт во првата верзија) М. Пијаде, одредувајќи ја „ДФЈ“ како сојузна демократска држава покрај „федералните држави“ (единици) од кои таа е составена, ги спомнал и Војводина и Санџак, со право подоцна слободно да ги одредат својот однос и положба во федерацијата.[6])

АВНОЈ во Јајце не призна делба на Југославија и нејзино разбивање како држава, потврдувајќи го ставот на КПЈ и на Народноослободителното движење од априлската војна, односно Востанието на народите на Југославија, изјаснувајќи се истовремено за исправување на историските неправди нанесени на југословенските народи по Првата светска војна. Во таа смисла, Претседателството на АВНОЈ ги потврдува одлуките на СНОО и на ЗАВНОХ за присоединувањето на анектираните делови од Словенија и Хрватска од страна на Италија кон овие единици, односно кон федеративна Југославија. АВНОЈ со тоа ја остварува функцијата на највисок орган на власта на Југославија, утврдувајќи се како орган на меѓународно претставување на своите барања спрема Италија. Прифаќајќи го историскиот стремеж на македонскиот народ за обединување на сите негови делови, НКОЈ, меѓутоа, не го покренува прашањето на Македонците надвор од границите на Југославија во форма на акционо барање, сметајќи, со согласност на претставниците на Македонија, дека тоа е прерано, со оглед на „сегашната меѓународна ситуација“, внатрешната положба на македонскиот народ, во соседните земји и степенот на оружената борба на македонскиот народ“.[7])

---

[5]) J. Pleterski, н. д., 20.

[6]) Сл. Нешовић, н.д., 155.

[7]) Б. Петрановић, КПЈ и друштвено-политичке промене у Југославији од АВНОЈ-а до Уставотворне скупштине. Истраживања I, Нови Сад, 391.

Познато е дека по Второто заседание на АВНОЈ, одлуките донесени во Јајце не се разработени со новото законодавство, како и тоа дека нова Југославија не доби име, како надворешен белег на државноста, што ги стекнува дури по формирањето на Привремената (Единствена) влада, јавувајќи се како „Демократска Федеративна Југославија" (ДФЈ), ниту грб, иако предлог за нивно усвојување постоеше.[8]) Размената на мислења што беа во тек за укинувањето на паралелизмот на владите, како претпоставка за меѓународно признавање на промените до кои дојде за време на Народноослободителната борба, очигледно дека и по ова прашање привремено ја ограничуваше деталната разработка на одлуките на Второто заседание на АВНОЈ, кои и самите по себе беа доволна основа за победа на револуционерните општествени сили.

*

* *

Постојното федеративно уредување ги отфрлува старите сили во земјата и во странство, кои од првиот ден на војната се во судир со националната политика и народноослободителното движење. Одлуките на АВНОЈ, а посебно оние за федеративното уредување на Југославија, се директен одговор на сите тие сили кои на сојузот на рамноправните народи му ја спротивставија идејата за монархистичка федерација, пансрпската идеологија на Д. Михаиловиќ и сепаратистичките планови на квислинзите. Четничкиот конгрес во селото Ба, одржан кон крајот на јануари 1944 година, се обидува да им парира на одлуките на АВНОЈ прогласувајќи дека „централистичка Југославија" се претвора во федеративна држава. Резолуцијата на „Светосавскиот конгрес" предвидува обновување на Југославија, проширување на територијата во корист на Србите, Хрватите и Словенците и уредување врз начелата на тријализмот во рамките на уставната, наследна и парламентарна монархија. Заедницата во идната монархистичка федеративна Југославија се врзува за создавањето на српска единица која би го собрала во својот состав целиот српски народ. Истиот принцип се проширува и на Хрватите и Словенците. Потребите на народот за покраински, економски, културни и социјални интереси наводно би се задоволиле во сите единици на заедничката држава преку широки народни самоуправи.[9]) Одглас на таквите сфаќања претставува и понудата на Мустафа Мулалиќ на Муслиманите во јуни 1944 година, заедно со Србите да живеат во „демократска монархија". За идејата на тријалистичка федерација се изјаснуваат покрај чет-

---

[8]) Сл. Нешовић, н.д., 140—1.

[9]) Архив радничког покрета, Материјали са четничког конгреса у селу Ба, Резолузија конгреса,

ниците во земјата и нивните најистакнати претставници во емиграција на чело со К. Фотиќ и групата на Радикалната демократска партија, ХСС и СЛС во странство, образувајќи коалиција против Народноослободителното движење.[10])

Против нова Југославија и нејзиното федеративно уредување истапуваат силите како на прозападно расположените граѓански кругови, така и оние кои ја делат судбината на Германците, фактички слеани во единствен контрареволуционерен фронт против „комунистите", иако тоа не значи дека меѓу нив се бришат меѓусебните разлики до конечното завршување на војната. Дел од претставниците на муслиманските врвови во Босна и Херцеговина се залага за автономија и за издвојување од НДХ и за ставање под покровителство на Третиот рајх.[11]) Втората призренска лига, создадена кон половината на ноември 1943 година на Косово, како германско упориште во осетливата област кон граничните Албанија, Црна Гора, Србија и Македонија, прокламира обединување на Косово, Дебар, Струга Улцињ и Туза со Албанија, изразувајќи ја желбата кон неа да се приклучи и Косовско-митровачкиот округ.[12]) Концепцијата на Нојбахер за федерација на Србија и Црна Гора, како вид на создавање единствен „антикомунистички фронт", наидува на отпори во врвот на Третиот рајх, поради Хитлеровото сомневање кон Србија. Наспроти Нојбахер, германскиот пратеник во НДХ Каше, се залага за предимство на усташите во „новиот поредок" и за спречување на излезот на Србија на Јадранско Море преку Црна Гора. Под заштита на усташите С. Дрљевиќ во пролетта 1944 година создава во Загреб „Државен совет", но во Црна Гора преовладува Нојбахеровата линија на здружување на четниците и федералистите преку „Народната управа" на Љубо Вуксановиќ.[13]) Недиќевата пропаганда за Југославија како „гробар на Србија" со приближувањето на воениот расплет добива сè повеќеројалистички призвук опфатена со славење на великосрпската идеја и незадоволна со положбата на кралот како британски заточеник.

Старите сили од прозападната насока се уверени дека во борбата против Народноослободителното движење ќе добијат поддршка од големите западни сили САД и Велика Британија. Идеолошки индоктринирани и очигледно преценувајќи ги су-

---

10) Јосип Смодлака, Партизански дневник. Београд 1972, 104.

11) Расим Хурем, Концепција неких муслиманских грађанских политичара о положају БиХ у времену од средине 1943. до краја 1944. године, Историјске претпоставке Републике Босне и Херцеговине. Прилози 4/1968, 544, 546.

12) Др Али Хадри, Народноослободилачки покрет на Косову 1941 — 1945. Београд 1973, 307.

13) Radoje Pajović, Politička akcija Sekule Drljevića i njegova saradnja sa ustaškim vođstvom i njemačkim poslanstvom u Zagrebu (1943—1945), Časopis za suvremenu povijest I/1971, 78—9.

дирите на интересите помеѓу големите сили, посебно несогласиците помеѓу САД и Велика Британија, старите сили како да губеа од вид дека сојузниците ја признаа НОВЈ во Техеран, а на друга страна дека Велика Британија настојува да ги зачува монархијата и помалку компромитираните граѓански кругови преку спогодбата на НКОЈ и кралската влада. Новиот курс на британската влада сепак се повеќе им ги приближуваше монархистичките сили на САД, очекувајќи од нив помош и поддршка за отпор против Народноослободителното движење. Прифаќајќи ја британската верзија на решавање на „југословенското прашање" со создавање единствена влада, Ф. Д. Рузвелт оживува алтернативни идеи во случај таа да не се оствари, порано изложени на Петар II Караѓорѓевиќ, кој меѓутоа, не беше готов и да ги прифати. Во мај 1944 год. Рузвелт повторно ја спомнува како решение балканската конфедерација составена од три југословенски држави (нации), со посебни влади, способни, според него, да ги решат сите проблеми, со тоа што кралот Петар II би останал владар само на реконструираната Србија.[14]) Од овие Рузвелтови размислувања во пролетта 1944 година, за решавање на „уставното прашање" во Југославија се гледа дека ни тој не ја доведува под сомнение нејзината рамка, предвидувајќи конфедеративна организација на држава, со задржување на монархијата само во Србија и прифаќање исклучиво на три конфедерални единици.

Независно од идеолошките и политичките резерви спрема Народноослободителното движење, владата на Велика Британија се изјаснува за демократска, независна и единствена Југославија. Под форма на легалност и почитување на уставниот континуитет, Велика Британија сака да ја зајакне положбата на граѓанските сили во Југославија и преку нив да го зачува влијанието на идниот развиток. Од посредните и фрагментарни информации сознаваме дека В. М. Молотов во почетокот на 1944 година бил против како за една „реакционерна националистичка Србија" така и против католичките комбинации со Хрватска и Словенија.[15])

Карактеристично е дека федеративното уредување на Југославија ги загрижуваше некои сојузнички државници и политичари како пример кој заразно влијае врз другите народи кои ѝ се спротивставени на унитаристичката концепција на државна организација. Иако изразува наклоност кон Народноослободителното движење, Е. Бенеш не ја одобрува неговата програма на решавање на националното прашање во форма на федерација, страхувајќи Словаците, поттикнати од југословенскиот

---

[14]) Документот го објави Сл. Нешовиќ во НИН од 21 октомври 1973.
[15]) Ј. Смодлака, н. д., 104.

пример, поупорно да не барат федеративно уредување на Чехословачката Република.[16])

*

* *

Спроти преговорите во Вис, Шубашиќ се изјаснува како привразаник на федеративното уредување на Југославија, иако неговите погледи за внатрешното уредување врз начелата на сојузна држава се блиски до концепцијата на монархистичката тријалистичка федерација. Шубашиќ е и премногу оптоварен со предвоените погледи за националното прашање и е неспособен да излезе од концептот на граѓанската политика која на проблемот на Југославија гледаше низ призмата на односи на „основните нации". Тој му прави замерка на Народноослободителното движење што создава независна Македонија и Црна Гора место нивниот статус да го решава со давање автономија во рамките на Србија. За него монархијата е единствениот обединувачки елемент и републиката е неодржлива поради престижот на спротивставување на нациите. Според некои други извори[17]), Шубашиќ себеси се претставувал како политичар предан кон народот а не на кралот, кој во мај 1944 година се деклариаше како привразаник на монархијата во име на наводното единство на Југославија, што може да се објасни и со фактот што доаѓа на чело на кралска влада. Освен тоа, Шубашиќ се појави во Лондон за време на кризата и распаѓањето на големосрпските сили во емиграција, но кои уште не се готови да го положат оружјето, мошне загрижен со нивниот отпор и неготовноста да го прифатат како мандатор на круната за разговори со Народноослободителното движење. По паѓањето на Пуриќ, Шубашиќ не сакаше да се прифати на функцијата водечки член во владата, додека на тоа не го принуди В. Черчил. Пред состанокот со претставниците на НКОЈ на Вис, Шубашиќ водеше разговори со Живко Топаловиќ, кој како претставник на Д. Михаиловиќ се евакуира во Италија, изјаснувајќи се за обнова на Југославија, која ја смета за можна, па дури и за нужна. Според Топаловиќ, сите српски партии по 1943 година стоеле на становиште за Југославија како заедница на српската, хрватската и словенечката држава, значи без спомнување на Македонија, бидејќи за неа Топаловиќ не сакал да разговара, а за границите и за внатрешната организација на трите спомнати држави да се решава по уставен пат по војната.

Шубашиќ, без сомнение, беше против великосрпскиот хегемонизам и хрватскиот сепаратизам изразувајќи ги и британските политички погледи за иднината на Југославија, само што

---

16) Исто, 117.

17) Исто.

не можеше да го напушти порано мислењето за меѓунационалните односи. Првакот на Самостојната демократска партија Сава Косановиќ гледаше без двоумење на постојните меѓунационални односи од становиштето на степенот на демократијата во земјата. Заостреноста на тие односи вештачки ја одржува грст екстремисти од кои на српската страна се најлоши Д. Васиќ и С. Мољевиќ· Косановиќ проблемот на Југославија не го гледа во ривалитетот на Србите и Хрватите, туку во судирот на демократијата и диктатурата од кои оваа последната секогаш досега победувала. „Партизанското движење“ даваше за првпат шанса демократијата да надвладее.[18])

Шубашиќ на Вис ги призна АВНОЈ и неговите одлуки, вклучувајќи го и федеративното уредување на Југославија. Спогодбата склучена помеѓу НКОЈ и претседателот на кралската влада на Вис, 16 јуни 1944 година, го остава прашањето за конечниот облик на државното уредување за периодот по ослободувањето, но точката 4 од спогодбата го обврзуваше Шубашиќа да издаде декларација во која ќе ги признае националните и демократските придобивки извојувани од народите на Југославија во текот на народноослободителната борба. Во таа спогодба стои дека тие придобивки се темелат на демократското федеративно уредување на државната заедница. Се признава привремената управа на земјата преку организацијата на АВНОЈ и на НКОЈ како негов извршен орган. Декларацијата, донесена по вториот состанок на Вис, во август 1944 година, предвидува дека владата ќе ги сосредоточи сите свои сили кон изградувањето на внатрешниот мир на идната „демократска и федеративна Југославија“, организирана со слободната волја на југословенските народи.[19])

Помеѓу состанокот на Вис во јуни 1944 година и објавувањето на оваа Декларација, Шубашиќ се обидуваше, поддржан од Велика Британија, трите големи сили да го прифатат воспоставувањето на независна обединета Југославија врз федерална основа. Подготвувајќи се за пат во Москва, заради придобивање на советската влада за давање на спомнатите гаранции, преку издавање на една декларација или склучување договор помеѓу Југославија и СССР, Шубашиќ изработи еден меморандум во кој ги изложува погледите за иднината на Југославија. Тој бара, прво, повторно признавање на сегашната правна положба на Југославија, тоест уставна монархија додека народот не се изјасни слободно за обликот на уредувањето, и второ, гарантирање на територијалниот интегритет, целосната независност и суверенитет на југословенската држава врз федерална основа и отфрлување на секаков сепаратизам на која и да е група во земјата или во странство. Британците оваа точка на меморандумот ја преформулираа уште поизрично, наведувајќи дека Југославија

---

[18]) Dr Dušan Biber, VUS од 11 октомври 1972.

[19]) Службене новине Краљевине Југославије од 25. октобра 1944.

е неопходен фактор на мирот во Европа и оти се спротивни сите обиди — надвор од земјата или во неа — да се разбие нејзиното единство.

Федеративната организација на Југославија беше неспорна и во натамошните фази на преговорите околу образувањето единствена влада. На разговорите на маршал Тито со Черчил во Италија, во август 1944 година претседателот на НКОЈ јасно истакна дека Народноослободителното движење е за федеративно уредување во Југославија. Британскиот премиер по тоа прашање не се ни разидуваше со маршал Тито. Черчил истапи против балканска федерација, предупредувајќи дека Велика Британија се наоѓа во војна со Бугарија и оти таа не би сакала таа да ја нападне Турција. За маршал Тито прашањето за балканска федерација беше работа на народот а не на „лидерите“. Черчил не беше готов ни да го признае приклучувањето на југословенските краишта кои по Првата светска војна ѝ припаднаа на Италија, сметајќи го таквиот чин за фактичка анексија и прејудицирање на мировната конференција. Карактеристично е што Британците му се спротивставија и на Шубашиќ да внесе во подготвуваната декларација слични територијални барања на Југославија, уште пред овие разговори на маршал Тито со Черчил во Италија, плашејќи се „експанзијата“ да не се прошири кон Грција и Албанија, со оглед на создавањето независна Македонија. Во овие разговори повторно е пројавено британското сфаќање за „понорот“ помеѓу Србија и Народноослободителното движење, што и порано Черчил го изразуваше, тврдејќи дека Србија не ќе ја прифати економската теорија на Карл Маркс, наспроти маршал Тито, кој докажуваше дека тој судир не постои. Со оцената на маршал Тито за Србија се сложуваше и Шубашиќ. Порано склон да го подвлекува значењето наројалистичките сили во Србија, Шубашиќ во оваа фаза од преговорите за образувањето единствена влада се приклонува кон сфаќањата на раководството на Народноослободителното движење дека Србија не ќе биде освоена со предизвикување граѓанска војна, поради што и влијателните Британци му приговараа дека како Хрват и ХСС-овец нема чувство за „српското прашање“ и оти го потценува неговото антикомунистичко расположение.[20])

Контрареволуцијата во Југославија не престанува и во оваа фаза на војната со акциите да се спречи победата на народноослободителното движење и нова Југославија. Таа работи на задржување на сепаратистичките квислиншки творби преку измена на составот на компромитираните режими, настојува да фати врски со сојузниците, било преку Римокатоличката црква, дипломатските канали или разузнавачките служби, да наметне

---

[20]) Винстон Черчил, Други светски рат, VI, Београд, 86—7; Dr. D. Biber, VUS од 2 август 1972.

паритет на решавање на граѓанските политичари со раководството на Народноослободителното движење. М. Лорковиќ и Ѓ. Вокиќ, поврзани со претставниците на ХСС, свесни дека поразот на Германија се приближува, се обидуваат да се ослободат од А. Павелиќ, да образуваат влада во Загреб, да ги разоружаат Германците и да го променат воениот табор. Познато е дека овој заговор остана само како обид. Партиските извори од тоа време го оценуваат овој „пуч" како обид да се избегне предавањето на оружјето на НОВЈ и тоа да се заобиколи преку западните сојузници, заборавајќи, притоа, дека Југославија не е сателитска земја и оти сметките за однесувањето во војната мораат да се полагаат пред Народноослободителното движење и пред неговите вооружени сили.[21]) А. Кошутиќ на слободната територија бара соединување помеѓу Народноослободителното движење и ХСС, чија „претстража" е веќе во неговиот состав, обновувајќи го предлогот за „Врховен државен совет" на Хрватска, кој би бил составен од ЗАВНОХ и од застапници на ХСС од 1938 година, што потсеќа на подоцната Кримска препорака на големите сили како решение предвидено за Југославија преку проширување на АВНОЈ. Римокатоличкиот клер, кому му се придружија словенечките клерикалци, поврзани со прваците на СЛС во странство, на чело со М. Крек, помислува на воспоставување федеративна Југославија, како уставна федерација со три федерални единици: Србија, Хрватска и Словенија, што е и четнички проект. Вториот предлог на оваа иста група сметал на обнова на подунавската држава во форма на конфедерација, со Словенците во малцинство и под британска закрила.[22]) За работата на словенечките клерикалци на обновувањето на подунавската држава е известен во почетокот на септември 1944 година Х. Макмилан. Гледајќи на оваа подунавска конфедерација како предоминантно католичка, Крунослав Богдановиќ е против приклучувањето на Србија во нејзиниот состав. Зад овие замисли на клерикалците стоеше Ватикан, иако јавно неекспониран. Идеите за подунавската конфедерација будеа последни надежи кај словенечките клерикалци во времето кога фронтот на контрареволуцијата се распаѓаше како вид на реосигурување. М. Крек и неговите едномисленици не гледаат иднина во Југославија „под контрола на партизаните". Меѓутоа, едно поумерено и потрезвено крило на СЛС стапува во разговори со раководството на Народноослободителното движење, барајќи можност преку таа соработка да преживее. Во британските извештаи од Словенија предупредуваат дека католицизмот на дел од Словенците е проткаен со патриотизам како словенечки, така и југословенски. Како мал народ, изложен на притисокот на

---

[21]) Наведено според: Душан Живковић, Народни фронт Југославије 1935—1945, Рукопис.

[22]) Исто, 563.

Австрија, Италија и Унгарија, Словенците бараат сила и сигурност во сојуз со другите југословенски народи. Воените цели на Словенците, како што ги гледаат британските офицери, се состојат во создавање слободна демократска Словенија од Трст до Караванките, вклучувајќи ги сите Словенци кои зборуваат словенечки, а на друга страна во заеднички живот во федеративна Југославија, без страв од превласт.[23])

Квислиншките сили во Србија, исто така, не ја напуштаат комбинацијата да ја спречат конечната победа на народноослободителното движење. По состанокот на Д. Михаиловиќ и М. Недиќ, во август 1944 година, се јавуваат идеи Петар II и бегалската влада да се повикаат во Белград пред во градот да влезат силите на НОВЈ и на Црвената армија[24]), кои потсетуваат на усташките и ХСС-овските намери во НДХ за образување нова влада во Загреб. Сметајќи на Британците во овие антијугословенски комбинации, квислинзите ги мешаа општите стратегиски причини и идеолошко-политичките предубедувања на Велика Британија кон народноослободителното движење со нејзината политика во таа фаза која не прифаќа соработка со компромитираните и сепаратистичките воено-политички групи. Овие безнадежни идеи се раѓаа, пред сè, во време кога единиците на НОВЈ се подготвуваа, во соработка со Црвената армија, да го довршат ослободувањето на Србија, а во Топлица, трајното упориште на Народноослободителната борба 1941—1944 година, течеа подготовките за одржување на антифашистичкото собрание на Србија.

Втората спогодба помеѓу претседателот на НКОЈ и претседателот на кралската влада (Белградската) утврдува дека Југославија пред надворешниот свет и во сите акти на надворешната политика и меѓународните односи се појавува во својот стар облик, додека државната заедница (идната демократска федеративна Југославија) не добие со слободна одлука на народот дефинитивен облик на владеење. На слободната волја на народот ѝ се препушта само одлуката за обликот на владеењето (монархија или република), која практично веќе беше и решено во корист на република. Федеративното решение се зема како неприкосновено решение кое Шубашиќ, со другите демократски и национални придобивки од народноослободителната борба, го прифати уште на Вис. За да се избегне секое можно заострување на односите во земјата, Тито и Шубашиќ се спогодија да ја потврдат поранешната одлука кралот Петар II да не влегува во земјата, што одговара на одлуките на Второто заседание на АВНОЈ, а за разлика од Вишката спогодба се предвидува уста-

---

23) Dr. D. Biber, VUS од 18 октомври 1972.

24) Милош Крстић, Осврт на политику сарадника окупатора Милана Аћимовића и Милана Недића. Београд у рату и револуцији 1941—1945. Београд, 1971, 125.

нова на регентство (намесништво) како чувар на круната и тело кое го заменува кралот.

За федеративната структура на Југославија води сметка и додатокот на Белградската спогодба, усвоена на 7 декември 1944 година, по враќањето на Е. Кардељ и И. Шубашиќ од Москва. Третиот амандман од оваа спогодба, која говори за организацијата на власта предадена во надлежност на владата, чија организациона структура веќе порано беше утврдена, а сега и нејзиниот личен состав, води сметка за националните размери на ова тело. Според британски извори, во новата заедничка влада би требало да бидат по национална припадност 11 Срби, 7 Хрвати, 3 Словенци, 2 Македонци, 1 Црногорец и 1 Муслиман. Британците во настојување да ја зајакнат граѓанската компонента на идната влада, сметале дека сè зависи од карактерот и угледот на нејзините српски членови.

Со ослободувањето на Србија се јавуваат потрезвени оцени и забележувања на британските претставници кои, под притисокот на стварноста, мораат да признаат дека Народноослободителното движење извира од народот, што не значи дека исчезнуваат калкулациите за нејзино монархистичко расположение изразувани во проценти, со забелешка дека култот на монархијата не е еднакво вкоренет во „ројалистичка Шумадија" и на југот и на истокот на Србија. Во развивањето на отпорот на Народноослободителното движење и натаму се смета на монархистичката традиција, а во Хрватска и Словенија на ХСС и на католиците. Британците можеа и непосредно да се уверат дека монархијата меѓу помладите генерации е без корен, а Петар II Караѓорѓевиќ за постара „оддалечена фигура". Изворите на предубедувањата се сепак уште силни и се пројавуваат во сфаќањата дека склоноста кон федерацијата во Србија не е силна и оти таа и покрај тоа што територијално е најголема, не ќе игра улога како Хрватска, Босна, Црна Гора и Словенија во создавањето на нова Југославија, бидејќи е помалку зафатена со будење на политичката свест во однос на другите народи на Југославија.[25])

* *
*

За НКОЈ Вишката и Белградската спогодба се форма на здобивање легитимитет во новите услови, внатрешнополитички и меѓународни, „преку законски пат без револуционерни удари да се сохрани монархијата".[26]) На „југословенскиот проблем" слично гледаат и британските функционери за кои во есента 1944 година прашањето се сведува на прилагодување на револу-

[25]) Dr D. Biber, VUS од 31 јануари и 4 јули 1973.

[26]) Ј. Смодлака, н. д., 201.

ционерните сили кон уставот.[27]) Старите сили ни до крајот на војната не гледаа на федеративното уредување на рамноправните народи како на траен факт. За едните тоа е „расцепкување на српството", а за другите загрозување на хрватството од страна на „белградската влада". Како и во текот на војната усташите го напаѓаат Народноослободителното движење како големосрпско кое им се заканува на виталните интереси на хрватскиот народ, додека за големо српските хегемонисти тоа е заговор на Хрватите да се раздроби Србија како „'рбет" на Југославија. Три месеци по конституирањето на АСНОМ во највисоко законодавно и извршно тело на Македонија, како неразделен дел на нова Југославија, М. Грол им изнесува на влијателните Британци дека сфаќањето за Македонија како „национален етнитет" е рамно на „бесмислица", сметајќи, притоа, дека е „опасно" од народот да се создаде „посебна нација". Тргнувајќи од хегемонистичките сфаќања за „српската единица", тој дозволуваше Македонија во неа да добие само степен на поголема автономија. М. Грол ги продлабочува британските сомненија за намерите на Народноослободителното движење кон југ, пропагирајќи ги на тој начин посредно своите националистички сфаќања. Македонската единица, така, според Грол, би „конспирирала" со Бугарите да го добие Солун за себе, помогнувајќи ѝ на Бугарија да ја земе Тракија. Постојното сомневање уште повеќе е разгорувано со изјавите дека македонската федерална единица претставува опасност и за односите на Југославија, Бугарија и Грција, и кои тоа ќе го сфатат како прв чекор да се создаде „Велика Македонија", која во својот состав би вклучила значителни делови од нивната територија.[28])

Граѓанските сили преминуваат преку фактот дека Југославија се наоѓаше во револуција и оти новите општествени сили го решаваа националното прашање како битна компонента на општествено-политичките промени во рамките на обновена Југославија. Тие сили и во наредната фаза на уставноправната и политичката стабилизација на ДФЈ ќе го поврзат националното прашање со формалното прашање за суверенитетот на Уставотворното собрание, со повик на апстрактна демократска процедура, повторно да расправаат и да решаваат за системот на власта и уредувањето на меѓунационалните односи, продолжувајќи во новите услови да размислуваат во рамките на предвоените и воените националистички концепции. Зад апстрактното засолниште на сувереноста на Конституантата се скриваше de facto непомирливоста со рамноправните меѓунационални односи и федеративното решение.

[27]) Dr D. Biber, VUS од 14 февруари 1973.

[28]) Исто, VUS од 7 март 1973.